# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЧАШКА

| Службен гласник на Општина Чашка Излегува по потреба | Број 18 година XXII 15.01.2018 година | БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК |
|---|---|---|

Врз основа на чл.50, ст.1, т.16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на Р.М." Бр.05/02), чл.133 т.1 од Законот за основното образование („Службен Весник на Р.Македонија" бр. 103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16) и Известувањето/Изјава до Градоначалникот на Општина Чашка бр.09-114/1 од 15.01.2018 година, Градоначалникот на Општина Чашка на ден 15.01.2018 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за РАЗРЕШУВАЊЕ на Директор на ООУ "Петре-Поп-Арсов,, Богомила-Општина Чашка**

1. ПАНЧЕ ТАШКОВСКИ, Директор на Општинско Основно училиште "ПЕТРЕ-ПОП-АРСОВ,, Богомила, од функцијата Директор на ООУ "Петре-Поп-Арсов,, Богомила - Општина Чашка, заклучно со 15.01.2018 година, СЕ РАЗРЕШУВА .

2. Се задолжува разрешениот Директор со новоименуваниот вршител на должност Директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.

3. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

4. Решението стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 15.01.2018 година.

Бр. 09- 114/2
15.01.2018 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горан Стојановски с.р

Врз основа на чл.50, ст.1, т.9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на Р.М." Бр.05/02) и чл.135 ст.1 од Законот за основното образование („Службен Весник на Р.Македонија" бр. 103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16), Градоначалникот на Општина Чашка на ден 15.01.2018 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за ИМЕНУВАЊЕ на вршител на должноста на Директор на ООУ "Петре-Поп-Арсов,, Богомила-Општина Чашка**

1. За вршител на должноста на директор на Општинско Основно училиште "Петре-Поп-Арсов,, Богомила-Општина Чашка, се именува:

   **-МАРГИЦА ЏУНОВА, Дипл. Професор по математика и физика, вработена во ООУ "Петре-Поп-Арсов,, Богомила-Општина Чашка на работно место наставник по математика и физика.**

2. Вршителот на должноста на директор ќе ги има сите права и обврски како Директор на Основно општинско училиште, започнувајќи од 15.01.2018 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста Директор во рок од 3 (три) дена со разрешениот директор на училиштето да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должност директор ќе се извршува се до изборот на Директор на Основно општинско училиште, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5. Решението стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Чашка".

Бр. 09- 114/3
15.01.2018 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горан Стојановски с.р

## Содржина:


1. Решение за РАЗРЕШУВАЊЕ на Директор на ООУ “Петре-Поп-Арсов„ Богомила-Општина Чашка

2. Решение за ИМЕНУВАЊЕ на вршител на должноста на Директор на ООУ “Петре-Поп-Арсов„ Богомила - Општина Чашка



**Издавач: Општина Чашка**
**ул."Илинденска" бр.8**
**1413 населба Чашка**

**Уредник: Бојанка Мирова**
**Техничка обработка и изработка: Димче Ангелов**